РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Климент Охридски"-Битола
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-ПРИЛЕП
ПРИМЕНО: 20.05.2019
Орг. ед. 09 | Број 460/1 | Прилог 1 | Вредн. /

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 1409-476/9
14.05.2019 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 25 седница одржана на 02.05.2019 година, донесе

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА
Примено: 20.05.2019
Организациона единица 08 | Број 737/4 | Прилог | Вредност

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студискита програма Маркетинг трет циклус студии на Економски факултет Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Се акредитира студиската програма **Маркетинг трет ќиклус студии на Економски факултет Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 3 години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање:
**- Доктор на науки по маркетинг**
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно – истражувачко поле: Економски науки
Научно – истражувачко област: Маркетинг.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (III циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Одлука на наставно научен совет на Економски факултет Прилеп, за усвојување на трет циклус студиските програми „Маркетинг“, на 28.12.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 21 седница, одржана на 17.01.2019 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 25 седница одржана на 02.05.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски